**20222113000**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија'' бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана, на 27 септември 2022 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И УСЛОВИТЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СЛУЧАИ НА ВРЕМЕНСКИ И ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ХАВАРИИ И НАРУШУВАЊА НА ПАЗАРИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, НАЧИНОТ НА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА, МЕРКИТЕ ШТО СЕ ПРЕЗЕМААТ ВО СЛУЧАЈ НА КРИЗНА СОСТОЈБА, КАКО И ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Во Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 246/21, 300/21 и 74/22 ) во членот 7 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) По исклучок на став (1) точка 3) на овој член, а за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија, доколку ОЕПС со електропреносен систем оператор на држава која граничи со Република Северна Македонија (во натамошниот текст: соседниот електропреносен систем оператор) врз основа на склучен договор, претходно го усогласат делот од прекуграничен преносен капацитет за увоз/извоз на електрична енергија, истиот без спроведување на аукција може да се додели на учесник на пазарот на електрична енергија со лиценца за трговија со електрична енергија кој е во доминантна сопственост на производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет во Република Северна Македонија или на учесник на пазарот на електрична енергија определен од страна на соседниот електропреносен систем оператор, заради реализација на договорената трансакција на увоз/извоз на електрична енергија“.

Ставот (2) станува став (3).

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8604/1
27 септември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.